| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Предлог детален урбанистички план за четврт 10, блок 10.7, КО Прилеп,Општина Прилеп,плански период 2017-2022 |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Одделение за урбанизам и заштита на животната средина - Општина Прилеп |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Прилеп |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Илија Беличоски д.и.а. – овластен планер<br>бр. на овластување 0.0098 |
| Назив на работното место | Архитект-овластен планер |
| Контакт податоци за лицето | ЈП за просторни и урбанистички планови - Прилеп<br>ул. "Прилепски Бранители" бр.1 тел.048 401 725 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ199/14,44/15,193/15, 31/16 и 163/16) |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Се работи за нов плански документ. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да, просторно и урбанистичко планирање, донесување на ДУП |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не,се работи за донесување на детален урбанистички план за четврт 10,-блок 10.7, КО Прилеп, Општина Прилепсо големина на опфат од 29,45ха. Намената на просторот во рамките на планскиот опфат содржи:класа на намена Г – производство,дистрибуција и сервисисо цел формирање градежни парцели со намена Г2 – лесна инезагадувачка индустрија, Г3 – сервиси и Г4 - стоваришта, потоа Е2 - комуналнасупраструктура, Е3 - некомпатибилна инфраструктура (трафостаница над 20кв) и Д2 -заштитно зеленило. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Главна цел на донесувањето на планскиот документ е овозможувањето на услови за градење и користење на идните ГП во ДУП за четврт 10,блок 10.7,КО Прилеп |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2017-2022 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| / |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Планскиот опфат за кој се изработува ДУП се наоѓа во четвртта10, блок 10.7, согласно блоковската поделба на град Прилеп.Вкупната површина што ја зафаќа планскиот опфат изнесува 29,45ха. Границата оди по следниот редослед:<br>Границата на блокот е дефинирана со осовините на собирната улица ,,Александар |

| |
|---|
| Македонски,, со ознака С8 од северозападната страна, магистрален пат А1 Прилеп-Градско од југоисточната страна на блокот и со осовините на улиците од секундарната улична мрежа, сервисната улица ,,Новопланирана 1003", со ознака Ср9 од југозападната и сервисната улица "Новопланирана 1004" со ознака Ср9 од североисточната страна. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Потенцијални влијанија од планскиот документ, ДУП за четврт 10,блок 10.7,КО Прилепсо намени: Г2 – лесна инезагадувачка индустрија, Г3 – сервиси и Г4 - стоваришта, потоа Е2 - комуналнасупраструктура, Е3 - Некомпатибилна инфраструктура (трафостаница над 20кв) и Д2 -заштитно зеленило, се земени во предвид со Извештајот за стратегиска оцена наживотната средина од планската документација на повисоко ниво, ГУП за Прилеп 2013-2023 | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Со планирање на просторот ќе се зголеми процентот на изградено земјиште во однос на неизградено. Со оваа планска документација се овозможуваат услови за изградба на нови објекти, економски и социјален развој во ОпштинаПрилеп. Времетрењето на влијанието е краткотрајно во фаза на градба на објектите. Влијание се очекува и во условите на експлоатација на објектите за таа намена кои ќе се решат со изградба на комунална инфраструктура, но и со поединечно решавање на влијанијата во квалитетот на амбиентниот воздух, отпадните води и отпадот. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Ако се има во предвид дека планираниотопфат има основна намена на просторот - Г-производство,дистрибуција и сервиси, се очекува перспективно да се развијат дејности кои не се со кумулативно влијание врз животната средина ако соодветно се управува со отпадот којшто ќе се создава, соодветно се управува со емисиите во воздух,доколку се работи за изградба на објекти кои користат енергенси за загревање како и со отпадните води кои ќе се создадат од вршење на дејностите.Планската докуменатција ќе содржи основни решенија за сите горенаведени влијанија усогласени со посточките важечки прописи запланирање за такви објекти. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Планскиот опфат за кој се изработува ДУП се наоѓа во четврт10, блок 10.7, согласно блоковската поделба на град Прилеп.Вкупната површина што ја зафаќа |

| | |
|---|---|
| | планскиот опфат изнесува 29,45 ха.Популацијата која ќе биде засегната од донесување на ДУП се состои од луѓе кои што живеат или работат во опфатот кој што брои 97 градежна парцела и тоа:<br>- дваесет и една (21) градежна парцела имаат основна класа на намена: Г2-лесна и незагадувачка индустрија<br>- педесет (50) градежни парцели имаат основна класа на намена: Г3-Сервиси;<br>- дваесет и две (22) градежни парцели имаат основна класа на намена: Г4-Стоваришта;<br>-пет (5) градежни парцели имаат основна класа на намена: Е2-Комунална супраструктура:<br>-една (1) градежна парцела: трафостаница<br>-една (1) градежна парцела: бензинска пумпна станица<br>-една (1) градежна парцела има некомпатибилна инфраструктура: Е3-Трафостаница Прилеп 1 |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Подобрување на квалитето на живот на луѓето и нивната социјална состојба. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Од Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство ќе се побара мислење дали во рамки на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти или предмети (целосно зачувани илифрагментирани) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11). |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Се работи за градежно земјиште со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси, Г4-стоваришта и Е2- комунална супраструктура и Е3- некомпатибилна . |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Овој плански документ се носи врз основа на ГУПза град Прилеп2013-2023како повисок плански документ за кој е спроведена Стратегиска оцена за влијание врз животната средина, дадено е позитивно мислење за содржината и обемот на Извештајот за стратегиска оценабр.08-2743/4 од 29.04.2011год.Опфатот напредметниот ДУП е во рамките на опфатот на горенаведениот ГУП. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Реализацијата на планот првенствено се однесува на лесна и незагадувачка индустрија со нови површини за градби . Во планскиот опфат се предвидуваат нови објекти за комунална супраструктура и инфраструктура , како и објектизасервиси,стоваришта,лесна и незагадувачка индустрија. Во дефинирање на просторната организација на планот важно е дефинирање на сообраќајната мрежа, потребите за енергија, водоснабдување,одведување на урбани отпадни води преку почитување на законската регулатива. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Со донесување на планот ќе се обезбеди повисока организација и инфраструктурна опременост на просторот и предвидување на мерки заподобрување на заштитата на животната средина во планскиот опфат. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>При спроведување на планскиот докуемент со доследно спроведување на веќе усвоениот Извештај за стратегиска оцена за влијанија врз животната средина особено на спроведување на Мониторинг планот во состав на извештајот ќе се превенираат идни еколошки проблеми во планскиот опфат. Мерките во Извештајот особено ќе се имаат во предвид при имплементирање на планот. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ е во корелација со Просторниот план на РМ и во корелација со постоечкиот ГУП на град Прилеп. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да |

<table>
<tr><td colspan="2">се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Има спроведено претходна оцена.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Сите можни влијанија утврдени во Извештајот за стратегиска оцена за влијанија врз животна средина ќе се вградат при изготвување на предметната планска документација.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презимеи потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник на Општина Прилеп<br>д-р Илија Јованоски</td></tr>
<tr><td>Датум 31.10.2017<br>Место Прилеп</td><td>М.П.</td></tr>
</table>